**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32 Скопје
(02) 3246 852

**ИЗВЕШТАЈ**
**од седумнаесеттата седница на Извршниот одбор на СКМ**
**одржана на ден 12.12.2020 година**

На **седумнаесеттата седница** на Извршниот одбор на СКМ, **присуствуваа 14 членови**.

На седницата беше **отсутен** д-р Јован Гагалески.

На седницата присуствуваше и Претседателот на **Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.**

Седницата започна во **10.30 часот**, а истата ја отвори Претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Мирлинд Селими со читање на Предлог- дневниот ред.

1. **Разгледување и усвојување на Предлог- записник од 16-тата седница на ИО на СКМ;**
2. **Разгледување и усвојување на Предлог- листа на годишниот план за редовен стручен надзор за 2021 година;**
3. **Разгледување и потврдување на Листа на регионални комисии за редовен стручен надзор за 2021;**
4. **Разгледување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за полагање на стручниот испит кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија;**
5. **Разгледување на Предлог-листа на услуги и Ценовник за минимални (референтни) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Северна Македонија;**
6. **Информации по однос на деловните простории на Комората;**
7. **Информации од работата на следните комисии:**
   - **Комисија за стоматолошка етика и деонтологија;**
   - **Комисија за управување со Фондот за взаемна помош;**
   - **Времената комисија на Комората за предлагање критериуми кои треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се извршува пробна работа и предлог-измени на критериумите за едукатори;**
   - **Комисија за стручни стоматолошки прашања;**
8. **Разно.**

По читањето на Предлог- дневниот ред, истиот беше ставен на гласање, при што Предлог-дневниот ред едногласно беше усвоен, без измени и дополнување и стана дневен ред со следниве точки:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Разгледување и усвојување на Предлог- записник од 16-тата седница на ИО на СКМ;**
2. **Разгледување и усвојување на Предлог- листа на годишниот план за редовен стручен надзор за 2021 година;**

3. **Разгледување и потврдување на Листа на регионални комисии за редовен стручен надзор за 2021;**
4. **Разгледување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за полагање на стручниот испит кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија;**
5. **Разгледување на Предлог- листа на услуги и Ценовник за минимални (референтни) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Северна Македонија;**
6. **Информации по однос на деловните простории на Комората;**
7. **Информации од работата на следните комисии:**
- **Комисија за стоматолошка етика и деонтологија;**
- **Комисија за управување со Фондот за взаемна помош;**
- **Времената комисија на Комората за предлагање критериуми кои треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се извршува пробна работа и предлог-измени на критериумите за едукатори;**
- **Комисија за стручни стоматолошки прашања;**

8 **Разно.**

Пред почетокот на првата точка од дневниот – ред, Претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Селими ги информираше членовите на Одборот дека пристигнат е допис од страна на д-р Круме Чесноски кој е делегат во Собранието на СКМ, а воедно и член на времената Комисија за деловен простор, во кој тој истакнува дека нема добиено никаков документ дека е член на времената комисија за деловен простор. На ова, д-р Селими одговори дека Одлуката за негово членство е донесена, а на неговиот допис ќе биде и писмено одговорено.

1. **Разгледување и усвојување на Предлог- записник од 16-тата седница на ИО на СКМ**

Предлог-записникот од 16-тата седница на Извршниот одбор одржана на 11.09.2020 година беше едногласно усвоен, без измени и дополнување.

2. **Разгледување и усвојување на Предлог-листа на годишниот план за редовен стручен надзор за 2021 година**

По однос на оваа точка збор зеде д-р Манасиев, кој ги информираше членовите дека во ПЗУ Д-р Ленче од Кочани веќе е направен редовен стручен надзор во 2020 година и треба да се замени со друга ординација.

Со забелешката од д-р Манасиев, Предлог – листата на годишниот план за редовен стручен надзор за 2021 година беше ставен на гласање и истиот едногласно се усвои.

Извршниот одбор на својата 17-та седница, одржана на ден 12.12.2020 година, донесе **ОДЛУКА** за ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СТРУЧЕН НАДЗОР над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2021 година.

3. **Разгледување и потврдување на Листа на регионални комисии за редовен стручен надзор за 2021**

По однос на оваа точка, забелешка даде д-р Чемерска, која побара да се направи измена на работното место на д-р Диме Цветков, кој е член на Комисијата за редовен стручен надзор-

Кавадарци од доктор на примарна стоматолошка здравствена заштита во доктор-специјалист по орална хирургија.

Со забелешката од д-р Чемерска, Листата на регионални комисии за редовен стручен надзор за 2021 година беше ставена на гласање и истата едногласно се усвои.

4. **Разгледување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за полагање на стручниот испит кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија;**

По однос на оваа точка, збор зеде Претседателот на СКМ, д-р Денковски кој ги информираше членовите дека во оваа листа ставени се и нови испитувачи и до сите кои се на листата ќе биде испратен формулар од страна на Секторот за државни испити и обука и истите ќе треба да го пополнат формуларот најдоцна до 15-ти јануари 2021 година и да доставaт повратен одговор. Формуларот ќе содржи име, презиме, телефонски број, е-маил адреса, податоци за вработување и колку време се доктори на науки. Откако сите ќе испратат потврден одговор, на следната седница на Извршниот одбор ќе се формира Листата на испитувачи кои ќе бидат членови на испитната комисија за полагање на стручниот испит кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија.

5. **Разгледување на Предлог-листа на услуги и Ценовник за минимални (референтни) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Северна Македонија**

По однос на оваа точка, збор зеде д-р Чемерска која информираше дека по неколку одржани средби успеале да го концепираат Ценовникот за минимални цени. Ценовникот за минимални (референтни) цени е поделен на неколку групи на услуги и тоа, општа стоматологија, стоматолошка протетика, ортодонција, орална хирургија и интердисциплинарна стоматологија. Д-р Чемерска истакна дека истиот е испратен до сите специјалистички здруженија, сите регионални одбори, сите делегати на Собранието на СКМ и дека мал е бројот на добиени поврати одговори. Д-р Касапи како член на Комисијата за изготвување на Ценовникот за минимални цени истакна дека ова е клучен момент и дека ова се прави за доброто на сите колеги. Исто така д-р Касапи напомена дека во Ценовникот е поставена цена од 500,00 денари за недоаѓање на закажаниот термин. Д-р Денковски истакна дека заклучок на Комисијата било да се направат цени за помалку услуги и предложи да се донесе заклучок за правно регулирање на Ценовникот, односно заклучокот да се достави до Комисијата за статутарни и правни прашања и претседателот на таа Комисија за таа цел треба да изработи промена на Статутот, потоа подготовката да ја достави до Извршниот одбор, па на Собранието на СКМ. Претседателот на СКМ, д-р Денковски предложи да се даде упатство за внесување на Ценовникот за минимални цени на Комисијата за статутарни и правни прашања во Статутот, ако е потребно и на Судот на честа, но ингеренциите за промена на цените да останат на Извршниот одбор. Исто така д-р Денковски предложи на Комисијата за статутарни и правни прашања да им се сугерира да направат измена на Правилникот за стручен надзор за овластување на комисиите да прават проверка дали докторите го почитуваат Ценовникот за минимални цени.

## 6. Информации по однос на деловните простории на Комората

По однос на оваа точка, збор зеде д-р Стојановски кој ги информираше членовите дека за сета сработена работа во новите простории на Комората се разгледувале по две до три понуди и секогаш е одбирана понудата со пониски цени. Една од поголемите ставки беше реновирањето на просторот. Реновирањето е изведено од страна на оние кои ја граделе оваа зграда и вршеле надзор на истата. Втората поголема ставка за изведба во просторот беше мебелот за кој беше одбрана фирма за изработка на мебелот согласно потребите на Комората.

Д-р Денковски истакна дека е направена книга во која се ставени сите документи, одлуки, понуди од почетокот откако е донесена одлука за купување на нов простор. Исто така информираше дека се што можело да се искористи од старите канцеларии е донесено и имплементирано во новиот простор. Исто така информираше дека за новиот простор треба да се плати уште една рата и дека веќе се најдени купувачи за стариот простор.

**7. Информации од работата на следните комисии:**

- **Комисија за стоматолошка етика и деонтологија;**
- **Комисија за управување со Фондот за взаемна помош;**
- **Времената комисија на Комората за предлагање критериуми кои треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се извршува пробна работа и предлог-измени на критериумите за едукатори;**
- **Комисија за стручни стоматолошки прашања;**

По однос на оваа точка, збор зеде д-р Денковски кој изнесе извештај за работата на **Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија**. Тој истакна дека покрај интензивното работење поврзано со лиценците тие последните неколку месеци работеле и на предметот за пријавување на пациенти за време на затворање на ординациите во време на Ковид-19. Докторите кои работеле во времето кога стоматолошките ординации биле затворени се поделени на три групи и тоа доктори кои работеле во дежурни ординации, доктори кои свесно презапишувале пациенти, но во своите изјави навеле дека се свесни за сторениот прекршок и доктори кои запишале голем број на пациенти и со тоа го прекршиле Кодексот на стоматолошка етика и деонтологија. По однос на ова, Комисијата има донесено заклучок докторите од втората група кои го имаат прекршено Кодексот да се објават во Vox Dentarii, а постапката за докторите од третата група да се продолжи понатаму преку Обвинителот на Комората.

Во однос на **Комисија за управување со Фондот за взаемна помош**, д-р Денковски информираше дека до Комисијата е пристигнато Барање за помош доставено од приватни здравствени установи, но тие како Комисија не сакале да го разгледуваат и е препратено до Извршниот одбор. По однос на ова, во Струга е одржан состанок помеѓу неколку доктори од приватни здравствени установи и претставници од Комората и тоа д-р Оливер Манасиев како Претседател на Собранието и д-р Јордан Стојановски, член на Извршниот одбор. Д-р Стојановски информираше дека четири доктори предводени од д-р Деребан побарале средба со кризната група. Тие на средбата побарале на сите ординации кои немаат склучено договор со ФЗО од Комората да добијат парична помош во износ од 20.000,00 денари. Второто барање на докторите

било сите членови на Комората да бидат ослободени од плаќање на годишна членарина во Комората. Третото барање е покрај паричната помошта што ја добиваат бремените жени, членки на Комората, парична помош да добиваат и машките членови на Комората. По однос на овие барања, членовите на Извршниот одбор донесоа заклучок дека сите барања се неосновани. Членовите на Извршниот одбор донесоа едногласна Одлука дека во иднина сите барања што ќе би имаат стоматолозите прво ќе треба да бидат изнесени на состанок на регионалните одбори, па регионалните одбори да ги проследат до Извршниот одбор на СКМ.

Исто така до Комисијата за управување со Фондот за взаемна помош е доставено Барање за еднократна парична помош од д-р Анче Ѓоргиев од Зрновци, Кочани кое е одбиено.

Во однос на работата на **Комисија за стручни стоматолошки прашања**, д-р Денковски информираше дека Комисијата го изготви Годишниот план на настани за 2021 година, усвоени се и субвенционираните настани во кои ќе учествуваат сите акредитирани друштва и високообразовни установи.

Д-р Ферати истакна забелешка за работата на Комисијата за стручни стоматолошки прашања за акредитација на последниот одржан настан на Стоматолошко друштво на Албанците. Тој ги информираше членовите дека Комисијата на последното Барање за акредитација на настанот без детално да го прочита и провери донела Решение дека настанот не може да се акредитира како настан со меѓународно учество.

По однос на работата на **Времената комисија на Комората за предлагање критериуми кои треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се извршува пробна работа и предлог-измени на критериумите за едукатори**, д-р Денковски ги информираше членовите дека се одржани неколку состаноци на оваа Комисија, каде се разгледани предлози за измени и дополнувања на **ПРАВИЛНИКОТ за поблиски критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата** (Сл.весник на РМ бр.217/19).

Согласно член 71 од Статутот, Комората определува едукатори, ментори и стоматолошки здравствени установи под чиј надзор се спроведува пробната работа на докторите по стоматологија. Членовите на оваа Комисија доставуваат свои предлози за дополнување на критериумите за едукатори предвидени во Правилникот, следејќи ги критериумите кои се определени во соседните земји од регионот.

Д-р Денковски истакна дека во член 81, т.11 од Статутот, предвидено е Комората да донесе Правилник за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат здравствените установи и докторите под чиј надзор се спроведува пробна работа. Со оглед на фактот дека до сега не е донесен ваков Правилник, целта на оваа Комисија е да предлага критериуми кои треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се извршува пробна работа, со цел постапката за изготвување на ваков правилник понатаму да продолжи пред Комисијата за статутарни и правни прашања. Целта од донесување на ваков Правилник е во иднина, пробната работа која задолжително ја извршуваат докторите на стоматологија во иднина да се подигне на едно повисоко ниво, да се извршува во а не да биде само формално собирање потписи од едукатори.

Времената комисија за едукатори и установи, на досега одржаните состаноци предложи исполнување на одредени критериуми за установите каде би се извршувала пробната работа, а кои се однесуваат на просторните услови, бројот на стоматолошки столови, да има предвидено простор за индивидуално учење и простор за користење персонален компјутер со пристап до Интернет и доволен број квалификувани едукатори (соодност помеѓу директни едукатори и доктори на пробна работа во соодност од 1 спрема 1.

На седницата беа разгледани и Барањата за повторно разгледување на барањата за обновување на лиценците за работа, поднесени од д-р Костадин Кангов и д-р Добрила Кангова, заведени под арх.бр. 02-1149/1 и бр.02-1150/1. Членовите на ИО по кратка дискусија ги донесоа следните **одлуки** дека поднесените барања за обновување на лиценците за работа **се одбиваат** како неосновани.

Правникот вработен во Комората ги информираше членовите на ИО дека Одлуките на Извршниот одбор и тоа: Одлука бр.02-1397/5 од 07.11.2018 година и Одлука бр.02-1638/1 од 19.12.2018 година, не се во согласност со новиот Правилник за стручен испит (Сл.весник бр.148/20 од 04.06.2020 година) и истите треба да се ставан вон сила, по што Извршниот одбор едногласно ја донесе следната одлука, се ставаат ВОН СИЛА следните одлуки донесени од Извршниот одбор на Комората:

- Одлука бр.02-1397/5 од 07.11.2018 година и
- Одлука бр.02-1638/1 од 19.12.2018 година.

Од страна на Комората беше изготвен Конкурс за наградување на најдобрите студенти на факултетите за стоматологија и доставен до сите факултети за стоматологија во државата да достават предлози за најдобри студенти. По доставување на податоци за најдобри студенти на секој од факултетите до Комисијата за доделување награди, истата достави предлог за наградување до Извршниот одбор.

Извршниот одбор го разгледа предлогот на **Комисијата за доделување награди** да се наградат најдобрите студенти за 2019 година, по што ја донесе следната **одлука најдобрите студенти за 2019 година** кои се стекнале со диплома доктор по дентална медицина на државните високообразовни институции (стоматолошки факултети или факултети по дентална медицина) во Република Северна Македонија и тоа:

1. **Стефан Кузмановски** од Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" Скопје;
2. **Арбереша Рамадани** од Факултетот за медицински науки при Универзитетот во Тетово;
3. **Сашка Павловска** од Стоматолошки факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија и
4. **Анастасија Спасова** од Факултетот за медицински науки при Универзитет ''Гоце Делчев'' Штип.

**Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.